**UDK 343.4:342.724(497.7:=18)“2018/2022“**

**МАНЧЕВ, Ѓорѓи**[1]

# АНАЛИТИЧКА СТУДИЈА ЗА ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА МОТИВИРАНИ ОД ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 2018-2022

**Апстракт**

Овој научен труд се фокусира на анализа на криминалот од омраза врз основа на етничка припадност во Република Северна Македонија во периодот од 2018 до 2022 година. Истражувањето се заснова врз обработка на емпириски податоци обезбедени од Хелсиншкиот комитет за човекови права, при што се утврдува дека етничката припадност е најзастапен мотив за извршување на ваков тип криминал. Во трудот се прикажува дека инцидентите најчесто се случуваат меѓу млади лица, припадници на различни етнички заедници, првенствено Македонци и Албанци. Преку квантитативна анализа, трудот ги идентификува трендовите на пораст, стагнација и пад на овој вид криминал во контекст на општествената поларизација и институционалниот одговор. Исто така, се разработува нормативната рамка и улогата на органите на прогон и судството, со цел предложување конкретни насоки за превенција, санкционирање и ресоцијализација на сторителите.

***Клучни зборови***: *криминал од омраза, етничка припадност, дискриминација, пристрасност, ресоцијализација.*

**MANCHEV Gjorgji**[2]

# ANALYTICAL STUDY OF HATE CRIME MOTIVATED BY ETHNIC AFFILIATION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA DURING THE PERIOD 2018-2022

**Abstract**

This paper examines hate crimes motivated by ethnic affiliation in the Republic of North Macedonia during the period 2018–2022. The study relies on empirical data processed from reports by the Helsinki Committee for Human Rights, revealing that ethnic bias is the most prevalent motive behind hate crimes in the country. The findings indicate that such incidents predominantly involve young individuals from different ethnic backgrounds, primarily ethnic Macedonians and Albanians. Through quantitative analysis, the research identifies patterns of increase, stagnation, or decrease in hate crime occurrences, contextualized within broader social polarization and the institutional response. Furthermore, the paper addresses the normative legal framework and the role of law enforcement and the judiciary in tackling hate crimes, offering concrete recommendations for prevention, prosecution, and reintegration of offenders.

***Keywords***: *hate crime, ethnic affiliation, discrimination, bias, reintegration.*

[1] *Докторанд, Правен Факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Република Северна Македонија, e-mail: gjorgjimanchev@gmail.com ; gorgi.3078@student.ugd.edu.mk*

[2] *PhD Student, Faculty of Law, University Goce Delcev, Stip, North Macedonia, e-mail: gjorgjimanchev@gmail.com ; gorgi.3078@student.ugd.edu.mk*

## Вовед

Криминалот од омраза, како специфичен облик на насилно и дискриминаторско однесување, претставува сериозна закана за општествената кохезија и човековите права во секое демократско општество. Појавата на вакви кривични дела е особено проблематична во мултиетнички држави, каде историските тензии и етничките предрасуди често се провлекуваат како основа за конфликти и насилство. Република Северна Македонија, со својот културен и етнички диверзитет, се соочува со значаен предизвик во борбата против криминалот од омраза, особено оној базиран на етничка припадност.

Овој труд има за цел да прикаже сеопфатна анализа на криминалот од омраза врз основа на етничка припадност во периодот од 2018 до 2022 година. Преку емпириска и теоретска обработка на податоци, трудот има за цел да ги идентификува главните форми на овие дела, карактеристиките на сторителите и жртвите, како и институционалниот одговор.

Истражувањето е мотивирано од потребата за кривично-правна и социолошка евалуација на овој феномен во македонскиот контекст, со крајна цел да се предложат мерки за превенција, санкционирање и ресоцијализација.

## 1. Криминал од омраза врз основа на етничка припадност - Дефинирање на криминалот од омраза

Криминалот од омраза е комплексен социолошко правен феномен кој опфаќа кривични дела сторени врз основа на пристрасност кон одредена социјална група. Во криминолошка смисла, се однесува на постапки мотивирани од предрасуди кои имаат за цел да предизвикаат штета врз поединци или групи поради нивната расна, етничка, религиска, полова или друга припадност (Perry, 2001). Казнено правно, криминалот од омраза претставува дејствие предвидено со закон како кривично дело, но дополнително оптоварено со мотивот на дискриминација и непријателство (Gerstenfeld, 2017).

Особено е важно да се разликува терминот "омраза" од неговото секојдневно значење. Во правен контекст, омразата не мора да подразбира лична емоција, туку се однесува на пристрасен мотив при изборот на жртва (Chakraborti & Garland, 2015). Во тој поглед, многу законодавства, вклучително и македонското, користат изрази како „мотив на непријателство“ или „предрасуден избор“ за да ги квалификуваат овие дела.

## 2. Правна рамка

Правната регулатива во Република Северна Македонија користи комбиниран пристап: предвидување на дискриминаторски мотив како отежнувачка околност, како и постоење на посебни квалификувани облици на кривични дела ако се сторени од омраза. Овој концепт се вградува во националната казнено правна рамка преку одредби од Кривичниот законик и Законот за извршување санкции (МВР, 2022; Helsinki Committee for Human Rights, 2022). Ваквиот систем следи европски трендови и препораки, особено оние формулирани од ОБСЕ и Европската комисија (ODIHR, 2009).

Дополнително, според пресудите на Европскиот суд за човекови права, член 14 од Европската конвенција за човекови права, кој ја гарантира недискриминацијата, има суштинско значење во евалуацијата на државната обврска за санкционирање на кривични дела од омраза (European Court of Human Rights, 2022).

## 3. Етничка пристрасност како доминантен мотив

Етничката припадност е една од најчестите основи за извршување на криминал од омраза, особено во мултиетнички општества. Во Северна Македонија, ваквите дела често се резултат на историски и културни тензии помеѓу етничките заедници, особено помеѓу Македонци и Албанци (Helsinki Committee for Human Rights, 2018–2022). Криминалот од омраза не се манифестира само преку насилство, туку и преку

оштетување имот, графити со навредлива симболика, јавни провокации и друго (Iganski, 2008).

Формите на овие дела може да бидат речиси секое постоечко кривично дело, но клучниот елемент што го разликува криминалот од омраза е постоењето на пристрасност – селекција на жртвата поради нејзиниот етнички идентитет (Chakraborti & Garland, 2015). Истражувањата покажуваат дека ваквите дела имаат пошироки последици врз целите заедници, создавајќи чувство на несигурност и исклученост (Perry, 2001).

## 4. Улогата на институциите

Ефикасната борба против криминалот од омраза подразбира координација помеѓу полицијата, обвинителството и судството. Според извештаите на ОБСЕ и FRA, една од клучните пречки е недостатокот на обуки за препознавање на пристрасност кај службените лица, како и недостатокот на доверба кај жртвите во институциите (FRA, 2018; ОБСЕ, 2015). За да се надминат овие проблеми, неопходно е воведување на редовни обуки, унапредување на механизми за пријавување и воспоставување на специјализирани единици за гонење на криминал од омраза.

## 5. Криминал од омраза врз основа на етничка припадност во Република Северна Македонија

Истражувањето се базира на квантитативна анализа на податоци за инциденти поврзани со криминал од омраза врз основа на етничка припадност, добиени од годишните извештаи на Хелсиншкиот комитет за човекови права (2018–2022). За обработка на податоците е користена дескриптивна статистичка анализа, која овозможува прикажување на фреквенцијата, динамиката и променливите на овие инциденти.

Покрај емпириските податоци, користена е и правна анализа на релевантните одредби од Кривичниот законик на Република Северна Македонија и другите применливи правни извори. Со ова се овозможува контекстуализација на податоците во светло на постојната правна рамка и институционални практики.

Криминалот од омраза врз основа на етничката припадност во Република Северна Македонија се издвојува како ентитет од групата на криминали од омраза поради мултиетничкото општество. Како најистакнат тренд се однесува на бројот на инциденти врз основа на македонското или албанското етничко потекло на сторителот/жртвата. Повеќето од наводните кривични дела вклучуваат: насилство, телесна и тешка телесна повреда, оштетување имот, разбојничка кражба, предизвикување национална, расна, верска омраза, раздор и нетрпеливост, сериозна закана, загрозување на сигурноста и предизвикување општа опасност.




Графикон бр.1: Број на пријавени случаи на криминал од омраза 2018-2022 година




*Графикон бр.2: „Процентуална застапеност на криминал од омраза врз основа на етничка припадност за 2018 година"*




*Графикон бр.3: „Процентуална застапеност на криминал од омраза врз основа на етничка припадност за 2019 година"*

Во периодот од пет години во Република Северна Македонија, Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрира вкупно 626 случаи на криминал од омраза. Од вкупниот број, 453 случаи имаат етничка основа, со што може да се заклучи дека најголемиот дел од случаите на криминал од омраза се базирани врз основ на етничката припадност *(графикон бр.1).* Во периодот помеѓу 1 јануари и 31 декември 2018 година, МХК регистрираше вкупно 123 инциденти и дела од омраза (Злосторства од омраза; Годишен извештај за криминалот од омраза, 2018). Притоа, од вкупниот број регистрирани дела/инциденти, 60 инциденти (49%) беа потврдени, додека 63 инциденти (51%) остануваат непотврдени. За најголем дел од непотврдените инциденти и дела од омраза, а во согласност со другите индикатори (локација, начин на извршување, инволвираност на малолетници и средношколци и сл.) постои разумно верување дека се сторени поради етничката припадност на жртвата односно сторителот. Етничката основа со 64% од вкупните случаи е најзастапена карактеристика поради кои биле сторени инцидентите од омраза во 2018 година *(графикон бр.2).*

Жртвите и сторителите најчесто се младинци и членови на различни етнички припадности (претежно Македонци и Албанци). Честопати кривичните дела сторени како еден инцидент ги исполнуваат критериумите за две или повеќе наводни кривични дела, па оттука постои поголем број кривични дела отколку инциденти.

За разлика од 2018 година, во 2019 година се забележува пораст на бројот на случаи на криминал од омраза (Злосторства од омраза; Годишен извештај за криминалот од омраза, 2019). МХК регистрираше вкупно 159 инциденти и дела од омраза, а притоа, од вкупниот број регистрирани инциденти, потврдени се 33 инциденти (20%), додека 126 инциденти (80%) остануваат непотврдени. Како непотврдени дела од омраза, во најголем дел остануваат оние инциденти кај кои во согласност со другите индикатори (локација, начин на извршување, инволвираност на малолетници и средношколци и сл.) постои разумно верување дека се сторени поради етничката припадност на жртвата односно сторителот. Етничката припадност со вкупно 135 регистрирани случаи, повторно е најзастапен вид на криминал од омраза, со застапеност од 85% *(графикон бр.3).* Жртвите и сторителите најчесто се млади лица, припадници на различни етнички заедници (претежно Македонци и Албанци).

Во 2020 година, МХК регистрира вкупно 104 инциденти на злосторства од омраза, од кои 37 инциденти (36 %) беа потврдени, додека 67 (64 %) сè уште се непотврдени (Злосторства од омраза; Годишен извештај за криминалот од омраза, 2020). Повеќето непотврдени случаи се поврзани со ситуации каде според другите индикатори постои основа за верување дека овие пристрасни инциденти се мотивирани од етничката припадност на жртвата.




*Графикон бр.4: Процентуална застапеност на криминалот од омраза врз основа на етничката припадност за 2020 година*




*Графикон бр.5: Процентуална застапеност на криминалот од омраза врз основа на етничка припадност за 2021 година*

Криминал од омраза врз основа на етничка припадност, повторно го заземаат најголемиот дел од основите за извршените злосторства во 2020 година, со застапеност од 73% од вкупните случаи (104 пријавени случаи).

Во текот на 2021 година се регистрирани вкупно 80 инциденти, што е за 20 % помалку од 2020 година (Злосторства од омраза; Годишен извештај за криминалот од омраза, 2021). Најголем процент од регистрираните дела се на политичка – 47,5 % и етничка основа – 36,25 % *(графикон бр.5).* Значително е да се напомене дека исто како и во минатото, пред и за време на изборните процеси, бројот на инциденти од омраза врз основа на политичка определба значително се зголемува.

Сите регистрирани инциденти по овој основ се регистрирани во октомври 2021 година за време на одржувањето на локалните избори. Кај повеќето инциденти извршени како резултат на политичка определеност или политичко убедување, жртвите не се луѓе, туку правни лица како резултат на фактот што мнозинството од овие инциденти се однесуваат на штета на имот и нанесување материјална штета. Што се однесува до жртвите и сторителите на дела од омраза врз етничка основа, најчесто се работи за млади лица, припадници на различни етнички заедници.

Во 2022 година, МХК регистрираше вкупно 160 инциденти на злосторства од омраза (Злосторства од омраза; Годишен извештај за криминалот од омраза, 2022). Само 26 од регистрираните случаи имаат јасни пристрасни индикатори, додека останатите инциденти се непотврдени. Од вкупниот број инциденти, 134 случаи или 84% се случиле врз основа на различното етничко потекло на сторителите и жртвите. Овој вид инциденти и понатаму беа најгорливата тема, особено ако се земе предвид дека големиот дел од жртвите и сторителите во овие инциденти се малолетници. *(графикон бр.6).*




*Графикон бр.6: Процентуална застапеност на криминалот од омраза врз основа на етничка припадност за 2022 година*

Во сите пет години, поголемиот дел од инцидентите биле извршени од страна на млади лица, особено малолетници, додека голем дел од сторителите се непознати. Жртвите и сторителите се припадници на различни етнички заедници, додека пријавените инциденти се поврзани со одредени кривични дела од Кривичниот законик (насилство, телесна и тешка телесна повреда, оштетување на имот, предизвикување на национална, расна, верска омраза, раздор и нетрпеливост, сериозна закана, загрозување на сигурноста, и предизвикување општа опасност). Многу често еден инцидент ги исполнува критериумите за две или повеќе кривични дела, па оттука бројот на кривични дела понекогаш е поголем од бројот на инциденти.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на анализираните податоци од регистрираните случаи на криминал од омраза во период од 2018 до 2022 година, можеме да дојдеме до заклучок дека мотивите од етнички побуди се застапени со две третини од вкупниот број, односно од вкупно 626 случаи на криминал од омраза, 453 случаи имаат етничка основа со што може да се заклучи дека најголемиот дел од случаите на криминал од омраза се базирани врз основ на етничката припадност.

Само во 2021 година постои исклучок со намалување на бројот на случаи на криминал од етничка основа, за сметка на локалните избори кои беа одржани во месец октомври каде беше значително зголемен бројот на пријавени случаи криминал од омраза поради политички причини. Сите овие податоци ни говорат дека се уште постои раздор помеѓу припадниците на различни етнички заедници, особено помеѓу младите Македонци и Албанци, како најчести сторители на овој тип на криминал.

Голем број од злосторствата од омраза се извршуваат од одмазда или како последица на претходни инциденти меѓу млади етнички Македонци и етнички Албанци. Со оглед на многу малиот труд вложен во поглед на превентивни мерки, едукации за човековите права и подигање на јавната свесност, очекувано е подемот на негативните трендови да продолжи и понатаму сè додека институциите го игнорираат проблемот.

Со цел намалување на овој тип на криминал потребно е да се воведе едукација за човекови права во училиштата, едуцирање на јавноста за вредностите на културниот диверзитет и инклузија. Исто така, потребна е поголема ангажираност од страна на институциите, особено полицијата и судството преку олеснување на пријавувањето на злосторствата, навремена и ефективна истрага и покренување на судски процеси на истите.

**Библиографија**

Hate Crime Laws: A Practical Guide – Закони за криминалот од омраза: Практичен водич, (ODIHR: Варшава, 2009)

Постапување по криминал од омраза : практичен водич. - Скопје : ОБСЕ, 2015. - 104 стр. COBISS.MK-ID 99254794

Chakraborti, N., & Garland, J. (2015). *Hate crime: Impact, causes and responses* (2nd ed.). SAGE Publications.

European Court of Human Rights. (2022). *Case-law on hate crimes*. https://www.echr.coe.int

FRA – European Union Agency for Fundamental Rights. (2018). *Hate crime recording and data collection practice across the EU*. Publications Office of the European Union.

Gerstenfeld, P. B. (2017). *Hate crimes: Causes, controls, and controversies* (4th ed.). SAGE Publications.

Helsinki Committee for Human Rights. (2018–2022). *Annual reports on hate crimes in the Republic of North Macedonia*. https://zlostorstvaodomraza.com/izvestai/

Iganski, P. (2008). *Hate crime and the city*. Policy Press.

Министерство за внатрешни работи. (2022). *Извештај на Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа* (Бр. 22.4-506/1).

ODIHR – Office for Democratic Institutions and Human Rights. (2009). *Hate crime laws: A practical guide*. OSCE.

ОБСЕ. (2015). *Постапување по криминал од омраза: Практичен водич* (2. изд.). ОБСЕ – Мисија во Скопје.

Злосторства од омраза. (2018). *Годишен извештај за криминалот од омраза – 2018 година*.
COBISS.MK-ID 110563850

Злосторства од омраза. (2019). *Годишен извештај за криминалот од омраза – 2019 година*. COBISS.MK-ID 53303813

Злосторства од омраза. (2020). *Годишен извештај за криминалот од омраза – 2020 година*. COBISS.MK-ID 53303813

Злосторства од омраза. (2021). *Годишен извештај за криминалот од омраза – 2021 година*. https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2022/08/godishen-izveshtaj-za-2021-godina.pdf

Злосторства од омраза. (2022). *Годишен извештај за криминалот од омраза – 2022 година*. COBISS.MK-ID 61325061

https://zlostorstvaodomraza.com/izvestai/

https://www.echr.coe.int/